**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

**-д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5655 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од 1 до 10 ноември 2016 година, вкупното време на новинарските прилози од десетте мониторирани изданија на радио-дневникот од 16 часот, методолошки селектирани за анализа, изнесува – 2 часа 42 минути и 33 секунди.

Информативната редакција на Македонското радио на албански јазик ја задржа уредувачката определба редовно, преку куси новинарски облици - најчесто вести, извештаи и (извадоци од) соопштенија,

да ги следи актуелните случувања на внатрешно-политичката сцена, но тематски приоритет да им се даде на граѓански иницијативи и активности, и на реални житејски проблеми и потреби, вредни за новинарски третман што би му дал јавен глас и би го отсликал македонското секојдневие и на државно и на локално ниво.

Таквиот пристап е воочлив преку доминацијата на минутажата за т.н. – „други субјекти", во целосната статистика и од седмиот извештај за медиумското известување за актуелностите во предизборието. Во оваа ставка се вброени – претставници на бизнис и на академската заедница, синдикатите од различни дејности, адвокати вклучени во тековни, општествено важни судски процеси што Информативната редакција ги следи во подолг временски континуитет, проектни активности на граѓански здруженија и организации, домашни и меѓународни претставници на културно-уметничката фела.

Втора статистичка ставка по застапеност во новинарските прилози е – „амбасадори/меѓународни организации/странски политичари", а главно ги опфаќа претставниците на меѓународната заедница – воени и полициски структури преку кои се одвива безбедносната соработка во врска со бегалската криза по границите од балканскиот регион, потоа ЕУ-пратеници, администрацијата на ЕУ-мисијата во државава, експертските - политиколошки гледишта за Извештајот на Европската комисија за процесите на демократскиот развој во Република Македонија.

Релативно големата минутажа за активностите на македонската Влада и за органите на државната управа, најмногу се должи на работниот ангажман на официјалните македонски институции главно во функција на меѓународна – дипломатска и економска, репрезентација на државата преку министерствата за евроинтеграции и за економија, но и поради активностите на Министерството за образование, пред сè во врска со ревизорскиот извештај за годишните трошоци, но и за конкретни зафати и за реализација на проекти од образовната политика на државно и на локално ниво.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Влада на РМ | 00:19:54 | 12,25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:18:12 | 11,20 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:57 | 2,43 | % |
| ДИК и други органи | 00:09:24 | 5,79 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:15 | 3,23 | % |
| Судство | 00:06:27 | 3,97 | % |
| СДСМ | 00:07:50 | 4,82 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:47 | 12,17 | % |
| Други субјекти | 00:47:08 | 29,00 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:23 | 0,85 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:57 | 1,82 | % |
| Беса | 00:01:26 | 0,88 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:38 | 5,92 | % |
| Без субјекти | 00:03:02 | 1,87 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:10 | 0,72 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:41 | 1,04 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:21 | 1,45 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:00 | 0,62 | % |
| | **Вкупно: 02:42:33** | **100** | **%** |

Партиските активности се проследени преку вести, извештаи и соопштенија за формирањето нови коалиции меѓу политички партии и на Македонците и на Албанците, објавувањето листи со кандидати за предвремените парламентарни избори и организираните масовни настани на партиите пред своето членство, средбите на партиски челници со претставници на меѓународната заедница, но и преку минутажата за претставници на политички партии по различни основи вклучени во тековни судски процеси и истражни постапки поведени од Специјалното јавно обвинителство. Радио-весникот редовно известува за работата на Државната изборна комисија, како носител на организацијата за изборниот процес, но и за активностите на меѓународната заедница и на домашните граѓански иницијативи за непречено остварување на изборното право.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:04:37 | 14,23 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:22 | 13,46 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:57 | 2,93 | % |
| СДСМ | 00:01:13 | 3,75 | % |
| Други субјекти | 00:15:27 | 47,61 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:11 | 6,73 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:40 | 11,30 | % |
| | **Вкупно: 00:32:27** | **100** | **%** |

***Сектор за програмски работи***